# Лиле

Лиле не беше убаво девојче. Го знаев тоа уште кога се роди. Беше многу влакнесто бебе, многу темно. Се роди со џбун од коса, со веѓи што малку се спојуваа над носот и кои никогаш не ѝ се изретчија до крај. Очињата ѝ беа премногу мали, но со време почнаа да ѝ светкаат. Имаше долги, кревки прстиња на нозете и рацете, со обли, сјајни ноктиња што никогаш не беа остри, дури ни кога ќе ѝ ги исечев. Јован цело време ѝ ги бакнуваше. Иако повеќе сакаше да му се роди син, кога ја виде Лиле, лицето му го изгуби сиот авторитет, сета грубост, и стана обло и меко. Очите му се разводнуваа секојпат кога ќе ја видеше. Ѝ ги фаќаше прстињата на нозете и рацете, нежно ги бакнуваше и си го галеше лицето со нив. *Лилјана, Лиле, Лиленце*, гугаше додека ја бакнуваше.

Требаше да се вика Петра, по мајка ми, а да имавме син, ќе се викаше како татко му на Јован, Ристо. Ама Јован почна да си ја вика Лиле така, по мајка му, уште кога ја виде, и така воопшто не разговаравме за името. Лиле си остана Лиле, по неговата мртва мајка.

Мојата мајка Јован воопшто не ја сакаше. Го потсетуваше на болест и сиромаштија. Живееше сама во селото откако умре татко ми и беше многу болна и бедна. Не можеше да стане од кревет. Му праќавме пари на брат ми и тој и жена му одеа да ја гледаат и да се грижат за неа колку што можат. Останатото време лежеше сама и мирисаше на кисело, на бавна смрт. По некој сосед повремено доаѓаше да ѝ помогне. Јован не ми даваше да одам да ја гледам, и затоа редовно пушташе пари за неа. Пред да се роди Лиле, ќе чекав Јован да отиде на пат и тогаш ќе се качев во воз и ќе отидев да ја видам. Ќе ѝ ја исчистев куќарката, ќе ѝ донесев храна, ќе ѝ замесев леб, ќе ѝ зготвев нешто, ќе ја погалев по ковчестите раце, ќе ја бакнував во челото, и вечерта ќе си заминев со последниот воз. Кога се појавував таму, комшиите ме мразеа. Ме гледаа како да сум убиец. И брат ми престана да ме сака, а жена му нејќеше ни да ме види.

Еднаш Јован ме фати дека бремена сум отишла на пат. „Сакаш да фатиш некоја болест?“, викаше, иако мајка ми не беше болна од болест од која можеш да се заразиш. „Сакаш да ми го умреш детето?“, викаше и црвенееше.

Откако се роди Лиле, не успеав ниеднаш да ја однесам кај мајка ми за да ја види. Чекав малку да прооди, да пркне, за да можеме да му избегаме на Јован на село кога тој ќе биде на пат. А Лиле беше малку бавна. Доцна прооде, и кога прооде беше како младо срнче. Не беше како другите деца, со тромав и силен од. Одеше кршливо, исплашено, и беше слабичка. На Јован му се плачеше кога ја гледаше и цело време ја креваше в раце и ја бакнуваше. Тогаш таа малку ќе се посмееше, иако Лиле не се смееше многу.

Кога ја шетавме надвор во количка, комшиските баби и тетки ме застануваа да ја погледаат, како што правеа со сите дечиња. И откако наполни една година, не се гледаше дека е женско. Косичето ѝ остана кратко, со густи црни кадрици. Повеќе личеше на машко. „Да ви е здраво и живо синчето“, велеа бабите и тетките. Јован многу се лутеше. „Женско е, се вика Лиле“, ги поправаше сите. „Ставете му по некое шноличе да се знае дека е девојче“, одвраќаа подрските баби.

На година и пол, кога Лиле поцврсто одеше, решив да ѝ ги дупнам ушите. Ми беше страв да му кажам на Јован. Ама Јован веднаш прифати затоа што го погодуваше кога ќе му речеа дека Лиле е машко, и кога не викаа дека е убава. Ја однесов да ѝ ги дупнат ушите и после цел ден плачев и јас со неа. Мевцата од ушињата ѝ беа црвени и подуени. Кога се врати Јован дома, и двете бевме изморени од плачење. Лиле подикнуваше. Стопати се пишманив што така ја повредив, а ми

беше страв и што ќе каже Јован. Ама Јован само си ја зеде в раце, ја бакнуваше по лицето и по прстињата и Лиле се смири.

По еден месец ѝ ги извадив обетките со кои ѝ ги дупнаа ушите и ѝ ги ставив златните обетки што ми ги даде мајка ми кога последен пат отидов бремена да ја видам. „Стомакот ти е како топка, значи ќе биде женско", ми рече и ми ги даде златните обетки во облик на цветчиња со скапоцени црвени камчиња во средина. Тие беа обетките на мајка ми што ги носеше кога беше млада. Памтам како ја гушкам и ѝ се пикам во вратот и како обетките нежно ме грепкаат.

Јован се врати дома и ги виде обетките на Лиле. Се насмеа. „Баш се убави, рече. Ги купи?" Беа многу старомодни. Ќе требаше да лажам од каде сум ги купила, а немаше да можам да се снајдам. Што ако провереше во таа продавница и видеше дека такви обетки не продаваат? „Од баба ми се", му признав. „Кој ти ги даде?" ме праша. „Ми ги даде тетка ми пред да оди за Австралија", го излажав. „Многу се убави", повтори тој. Ја фати Лиле нежно за обетките и ја бакна по носот. Едвај чекав Јован пак да оди на пат за да ја однесам Лиле кај мајка ми, да ја види со обетките.

Беше септември и правевме ајвар. Го правев ајварот како што ме научи мајка ми. Ајварот на снаата никогаш не беше како мојот, или како ајварот што порано го правеше мајка ми. Со пријателката Кристина го правевме заедно. Јован не знаеше колку ајвар правиме. И тој обожаваше да го јаде, велеше дека е најубавиот ајвар што го пробал, иако беше по рецептот на мајка ми. Еднаш му кажав дека е по нејзиниот рецепт, а тој ништо не рече. Само продолжи да го јаде.

Седевме пред зграда со Кристина. Лупевме, печевме, мешавме и си разговаравме. Лиле си играше со ќерка ѝ на Кристина на тревникот. Ќерка ѝ на Кристина имаше четири години и си ја имаше Лиле како кукла, зашто Лиле беше бавна и кревка, ама не плачеше и беше мирна. Повремено ќе им дадевме да излупат по некоја пиперка, или ќе им помогневме да помешаат со дрвената лажица.

Кристина ми беше верна пријателка и знаеше што ми се случува со Јован и со мајка ми. Ѝ реков дека ќе направам повеќе ајвар и дека планирам барем шест тегли да ѝ однесам на мајка ми, за што Јован не треба да знае. Ѝ реков и дека идната недела Јован ќе оди на пат и дека со Лиле ќе одиме на село да ја видиме мајка ми. Тогаш мајка ми првпат ќе ја види Лиле, ѝ реков на Кристина, и Лиле ќе ги носи нејзините обетки. Мајка ми нема уште долго за живеење, ѝ реков на Кристина гледајќи како ајварот бавно клокоти.

Јован беше на работа кога ги наполнивме сите тегли со ајвар, така што не знаеше колку има за нас, а колку ќе останат за мајка ми. Ѝ одвоив шест. Ги ставив во една кутија и кутијата ја ставив во ќеса. Ќесата беше многу тешка. Требаше да ја носам и Лиле, и кутијата, и згора на тоа торбата со работите што ѝ требаат на Лиле. Не ја зедов количката затоа што ќе ми беше уште поголем товар. Лиле ја носев во едната рака, потпрена на колк, а во другата ја имав нејзината торба и кутијата со ајварот.

Влеговме во возот последни и едвај најдовме купе во кое имаше едно седиште. Немаше каде да ги оставам работите и еден човек ми помогна и ја стави кутијата и торбата со работите на Лиле во багажникот над седиштата. Лиле ја седнав в скут, и тргнавме. Лиле не плачеше, не кенкаше, тивко си играше со една играчка од пластични шарени прстени, а после и со нејзината омилена играчка – едно бело јагненце. Кога купето се подиспразни на следните станици, ја седнав Лиле на седиштето до мене. Две баби седеа спроти нас. „Колку е мило девојченцето", коментираа. „Види ја колку е мирна и воспитана. Пу-пу-пу", велеа и ни се смешкаа. Потоа почнаа премногу да прашуваат. Каде ми е мажот, дали работам, каде живееме, каде одам сама со детето. Не сакав ништо да им кажам затоа што ми беше страв да не сме од истото или соседно село, па да се расчуе дека сум дошла со Лиле, или пак некако Јован да не дознае дека сме отишле да ја видиме мајка ми. Не знаев како да им ги избегнам прашањата, па така молчев и испаднав

дрска. Наскоро бабите почнаа да ме гледаат под око, со стиснати усти од негодување, и да се подгледнуваат една со друга. Излегоа пред нашата станица и не ми рекоа пријатно.

Во купето останавме јас и еден маж што во текот на целото патување дремеше и ми беше несимпатичен. Беше небричен, неизмиен, и мирисаше на евтина салама. Носеше ситно-карирано сако што му беше излитено кај што му завршуваа ракавите, и имаше голема мрсна дамка на крагната. Под сакото носеше џемпер со ситни дупчиња околу вратот и едно поголемо на стомакот. Рацете му беа груби, и имаше црно под ноктите и во брчките на прстите и дланките. Неколку пати го отвори едното око и нè погледна. Кога стигнавме на нашата станица, стана, излезе и не се обиде да ми помогне.

Станав да ги земам теглите со ајвар и торбата од горниот багажник. Се поткренав на прсти и се обидов да ја извлечам тешката ќеса. Во моментот кога ми дојде крај прстите, возот нагло се штрекна и ме турна наназад. Паднав на земја и видов како ќесата со кутијата со ајварот падна врз главата на Лиле и после падна на земја. Кутијата брзо се распадна и видов како нешто црвено протекува од неа. А Лиле се струполи на страна и лежеше потпрена на рачката од седиштето.

Очите î беа затворени и не беше свесна. Почнав да ја тресам и да ја викам по име. Ја фатив за главата и видов дека никаде нема крв. Потоа Лиле почна полека да ги отвора очињата. Погледот î беше некако отсутен, нефокусиран. Едното окце како да мрдаше на десно, а другото си стоеше на место. Устата наеднаш î се искриви и почна тивко да цимоли. „Бам, бам“, кажа и се фати за глава. Низ возот минуваа луѓе и гледаа внатре во купето, ама никој не застана. Ја гушнав Лиле, ја кренав в раце и ја фатив ќесата со кутијата со ајварот за рачките. Беше многу тешка и сфатив дека наскоро ќе се скине. Некоја тегла беше скршена и црвена мрсна течност се насобра на дното.

Излегов од возот. Лиле цимолкаше. Понекогаш ќе почнеше погласно да плаче, но веднаш замолчуваше, како да немаше сила да вика. „Бам, бам“, повторуваше и се држеше со рачето за главата. Ќесата ми се тегнеше во левата рака и капеше и оставав трага од црвени мрсни дамки зад себе. Имав уште најмалку петнаесет минути пеш до кај мајка ми. Одејќи, ќесата ми се скина. Видов дека две тегли ајвар беа скршени. Ги шутнав до патот заедно со кутијата и со скинатата ќеса. Две тегли ставив во торбата каде што беа работите на Лиле, а две држев в рака. Почна да роси и уште повеќе го раскашави калливиот пат. Осетив дека и двете раце ми трпнат, дека и нозете ми трпнат, дека целиот грб ми е како здрвен и дека сета сум се испотила. Неколку луѓе ме одминаа и не ги поздравив затоа што беше исто како и да не сум ги видела.

Стигнавме кај мајка ми. Таа спиеше со телевизорот вклучен на многу гласно. Го стишив затоа што кога влеговме, Лиле погласно заплака, а и мене звукот како да ме удри по глава. Внатре беше темно и мирисаше на мувла и кисело, а мајка ми спиеше со отворена уста и благо ’рчеше.

Седнав на дрвеното столче до неа и ја ставив Лиле в скут. Почнав да î ја пипкам главата и полека да ја стискам, да видам каде е чукната, дали има џумка или дали од некаде тече крв, дали од некаде ја боли. Ама Лиле не реагираше. Погледот î беше празен и како да ми се причини дека едното окце пак малку î се мрда на десно. Цимолкаше, плачеше, па престануваше да плаче. Ќе речеше „Бам, бам“, па ќе престанеше да зборува. Си помислив да î ставам лед на главата и да ја легнам да спие, ама ми текна дека мајка ми нема замрзнувач. И не сакав да ја ставам Лиле да спие во куќата на мајка ми што мирисаше на смрт. Сакав само да си одам од таму и да ја однесам Лиле дома. Да си легнеме заедно и следниот ден да се разбудиме и да ја бакнувам по носето и по устето. Никогаш веќе нема да го лажам Јован, си реков, и никогаш веќе нема да одам да ја гледам мајка ми.

Посакав мајка ми да беше мртва за ова да не се случеше. Ја гледав како рамномерно ’рчи со отворена уста од која се ширеше реа на застоено, на немиено, на распаднато. Ја гледав и ја мразев што е жива и што никако не умира и што поради неа ја повредив Лиле. И што поради неа ја донесов овде, на ова место што базди на смрт.

Ги оставив теглите на масата, ја ставив Лиле на колкот, и излегов. Со трчање стигнав до железничката станица за да се качам на првиот воз што се враќаше назад. На распаднатите клупи на перонот што мирисаше на мочка, си ја гушкав Лиле и ја галев по главата. Имаше престанато со цимолењето, беше мирна и рамномерно дишеше. Ама не беше истата Лиле и тоа го чувствував, иако не можев да објаснам зошто.

Наместо да одиме дома кога стигнав, веднаш отидов кај Кристина. И мажот и децата беа дома. Месеше пита. Беше сета замачкана и имаше брашно на увото. Се исплаши кога ме виде. Којзнае како сум изгледала. Ме прибра во кујната со Лиле и ја затвори вратата.

Штом ја затвори вратата, веднаш почнав да плачам. Ја држев Лиле гушната, ама таа беше млитава и не покажуваше интерес за ништо. Цело време изгледаше тажно и изгубено. Дури и кога почнав да плачам не се вознемири како што обично се вознемирува кога плачам или се караме дома. Сега само ме погледна и малку зацимоли, но ја гушнав и престана. Ѝ раскажав на Кристина што се случило.

„Треба да ја однесеш во болница“, ми рече Кристина галејќи ја внимателно Лиле по црните кратки кадрици.

„Како да ја однесам во болница? Јован не смее да знае.“

Кристина молчеше. Молчев и јас.

„Не ѝ е ништо“, се тешев. „Можеби има потрес. Ќе ја легнам малку порано да спие.“

„Лиле, Лиле!“, ѝ викна Кристина. Лиле ја крена главата и ја погледна.

„Добро, не изгледа како да е нешто страшно. Ама делува зашеметено. Не знам што да ти кажам. Можеби сепак треба да ја однесеш во болница.“

„Што да му кажам на Јован? И да сум била сама, и да сум била кај тебе, пак ќе испадне дека јас сум крива што Лиле се повредила. Ќе ме убие. Никако не смее да дознае.“

Кристина пак ништо не кажа и заедно молчевме.

„Не се секирај. Само лоши работи мислиш. Ајде, ќе ѝ помине, детенце е. Падни-стани“, ми рече и се обиде да се насмевне.

„Да, ќе ѝ помине. Ништо не ѝ е. Така Лиле? Те боли нешто, мамино?“

„Бам, бам“, рече пак Лиле и се фати за главата.

Се вративме дома и ми се чинеше дека е добро да ја оставам Лиле да спие и да се одмори. Ја ставив во креветчето и легнав на нашиот кревет покрај неа. Кристина се обиде да ме смири кога бевме кај неа, ама не ѝ успеа. Ја чекав Лиле да заспие, и кога ја чув како рамномерно дише, се напив апче па заспав и јас.

Се разбудив околу полноќ. Јован стоеше над креветчето на Лиле и ја бакнуваше. „Мило мое пајче“, ѝ шепкаше и ѝ ги бакнуваше прстињата. Лиле малку се помрдна и продолжи да спие. Потоа Јован си легна до мене и заспа.

Ме разбуди врескањето на Јован среде ноќ. Врескаше како жена и ја држеше Лиле в раце и ја тресеше, а Лиле не мрдаше. Викнав брза помош иако ми се чинеше дека сонувам и не можев да ги погодам копчињата од телефонот. Потоа влеговме во колата и сите отидовме во болница. Се раздендуваше кога ни кажаа дека Лиле починала. Лекарите почнаа први да ми поставуваат прашања. Како се однесувало детето во текот на претходниот ден? Дали паднало или можеби некој го удрил? Им реков дека сè било најнормално, како секој ден. Им реков дека Лиле ниту плачела,

ниту се однесувала необично. Цел ден сме биле дома и попладнето сме отишле на гости кај пријателка ми. Кристина, реков, и го погледнав Јован. И таму се однесуваше најнормално, им реков.

Лекарот нè праша дали Лиле имала здравствени проблеми и дали сме имале ние некои наследни болести во семејството. Одмавнав со главата, но Јован си ја потпре устата на згрчената тупаница и ги стегна очите. „Имав брат што почина од мозочен удар кога беше бебе", рече. За тоа не знаев. Лекарот само кимна со главата и заклучи дека најверојатно се работи за истото.

Околу пладне ѝ се јавив на Кристина за да ѝ кажам дека Лиле починала. Ѝ кажав дека погребот ќе биде во дванаесет часот следниот ден. И ѝ кажав дека Јован ништо не знае. Ако некој праша, јас и Лиле сме дошле кај неа на гости попладнето, и Лиле сосема нормално се однесувала. „Важи?", прашав. Кристина ништо не рече. Ја слушав како шмрка од другата страна на слушалката. Ѝ спуштив затоа што не сакав да ја слушам како плаче.

Ми беше посебно болно да ги гледам неа и Јован на погребот. А беа цело време околу мене и беа многу бучни. Кристина постојано втренчено ме гледаше, со подотворена уста мокра од лиги, и испушташе некој неодреден лелек. Не се ни обидуваше да држи марамче на устата за да не мораме сите да ѝ ја гледаме разлигавената уста. А Јован не личеше на себе и ми беше ужасно да го гледам. Цело време ми се држеше за ракавот и ме тегнеше надолу. И онака едвај стоев и ми идеше да лазам. Не ми требаше уште неговата тежина. Во еден момент и двајцата паднавме и присутните писнаа. Некој ме грабна да ме крева одзади и толку силно ме зграпчи под мишките што ми остави модрици и на двете рамена. Си ги скинав хулахопките и нозете си ги направив со кал бидејќи и тој ден врнеше. Некој глупав роднина рече дека небото плачело за Лиле и ме погали по грбот. Ме полазија морници од гадење.

Потоа Јован се измени за еден ден. Лицето му свисна, очите му останаа солзливи. Брзо оќелави и обели. Тоа што му остана од косата беше обрач околу главата и една туфна од бела коса над челото. Од цврст и голем маж, стана мек и малечок. Дури и душата му омекна, од што ми беше гад. Престана да оди толку често на службен пат и почна да си легнува во исто време со мене, од што не можев да заспијам. Ќе си легнеше до мене и ќе ме гушнеше. Ќе зарчеше штом ќе заспие, а по некое време ќе престанеше и ќе почнеше да се врти, да офка и да јачи. Ќе го разбудев и ќе се пикнеше уште повеќе до мене и ќе почнеше да ме гушка и гали и тивко да си офка, и така одново ќе заспиеше. Првиот месец ми беше страв да мрднам и да кажам што било, но набргу сфатив дека од него веќе не треба да ми биде страв. Го избркав и го натерав да спиеме на одделни кревети во собата. „Само да не ме тераш да спијам во друга соба", ме замоли.

По некое време забележав дека почна да омекнува и кон мајка ми. Првиот пат кога ја спомна, рече дека Лиле малку личела на неа. Тоа ми се виде малку невкусно, затоа што сигурно мислеше на веѓите што им се спојуваа над носот. Инаку, додека Лиле беше жива, постојано велеше дека личи на мајка му. Сега одеднаш, според него, Лиле почна да личи на мојата мајка. И од тоа ми се згади, но ништо не реков. По некој ден пак ја спомна, кога ручавме. Имав направено турли-тава. Додека џвакаше ми рече дека само јас таква вкусна турли-тава сум правела. После голтна и ме погледна. Имаше мрсно околу устата бидејќи никогаш не знае убаво да се избрише со салфетка. „Мајка ти многу убаво те научи да готвиш. Штета што се разболе". Пак ништо не му реков. „Како е мајка ти?" ме праша, сечејќи си уште едно дебело парче леб. Ги кренав рамениците. Не ми се зборуваше за мајка ми. Немав отидено да ја видам откако умре Лиле, и нејзиниот живот ми тежеше. „Не си се слушнала со брат ти?" продолжи да ме прашува. „Не", го излажав. Мајка ми беше исто како и порано. Болна, бедна и неподвижна.

Ама Јован не сакаше да престане да зборува за мајка ми. Еден ден наеднаш ме праша „Кога ќе одиме кај мајка ти?“ Веројатно чудно сум го погледнала оти ги ококори очите, кои му беа малку солзливи. Сакаше нешто да каже, ама не успеа. „Ќе одам јас сама“, му реков. Ама не отидов, затоа што не сакав. Ми беше гад и од мајка ми и од него и понекогаш посакував и двајцата да умрат.

Но Јован не престануваше да ме прашува кога ќе одиме кај мајка ми. „Нема што да доаѓаш ти кај мајка ми. Никогаш не си бил кај неа. Не ја ни виде Лиле, а сега двајцата ќе доаѓаме. Немој да ја навредуваш уште толку“, еднаш му реков.

Ја наведна главата така што му го гледав само пуфчето коса. Беше како старо дете. „Оди сама, те молам“, ми рече. Извади пари од џебот и ми ги даде. Имаше многу.

„Немој да одиш со воз. Ако треба најди такси и оди“, ми рече. „Имаме пари“.

Ги зедов парите и следниот ден, откако тој отиде на работа, ги ставив в џеб и излегов. Не сакав да одам да ја видам мајка ми. Тргнав накај градскиот трговски центар и почнав да влегувам по продавници. Од една продавница си купив кожени ракавици, од друга свилен шал. Ќе можев полесно да ги скријам дури му речам на Јован дека ми требаат пари за ракавици и шал. Ги ставив во чантата и едвај чекав да седнам некаде за да можам да ги видам, да ги пипнам, такви нежни, како мирисаат на ново. Решив да влезам во еден ресторан. Седнав во едно ќоше за никој да не може да ме види. Не ми се јадеше, ама немав што да правам, и никогаш порано немав отидено сама во ресторан. Нарачав пинџур, сирење и леб, иако не ми се јадеше. Ама кога храната пристигна, лепчето беше топло и сирењето беше меко, и пинџурот ме освежи. Откако ги изедов наеднаш, видов дека сум порасположена. Нарачав шарска плескавица со компири и вариво. Си нарачав и чаша црвено вино. Пред да пристигне храната, ги отпакував ракавиците и шалот, и ги мирисав, си ги галев образите со нив. Ми дојде убаво. Веќе не ми се плачеше како порано. Потоа стигна храната и сета ја изедов. Си нарачав и баклава за десерт, а потоа и сладолед. Пак ги извадив ракавиците и шалот и ги гледав. Бидејќи ми остана уште време, отидов в кино. Не ме интересираше кој филм ќе го гледам. Беше некој историски. Задремав во големата фотелја и откако филмот заврши, си отидов дома.

„Како е мајка ти?“, ме праша Јован кога си дојде од работа.

„Исто како и порано“, реков. Ненадејно подждригнав на кромид, се исплашив дека ќе ме познае.

„Што јадевте таму?“, ме праша, како да знае што сум правела.

„Ѝ направив ќофтиња со кромид. Купив месо пред да тргнам“. Се изненадив колку брзо се снајдов.

„Ммм, вкусно“, ми рече Јован и ми се насмевна. Потоа дојде и ме гушна, а јас стоев како столб. „Идната недела пак да одиш“, ми рече.

„Важи“, се согласив.

Мајка ми умре шест и пол месеци откако почина Лиле. Мене ми олесна, ама Јован видно се потресе. Постојано ме следеше и ме гледаше. Ме прашуваше дали ми треба нешто, ми правеше кафе, ми купи слатки и следниот ден на своја иницијатива направи ручек. Тој плати за погребот, гробното место и надгробната плоча, но го натерав да не одиме на самиот погреб. На брат ми и снаа ми им реков дека не можеме да издржиме уште еден закоп. Тие само воздивнаа во слушалката. И Кристина дојде кај мене кога дозна. Откако умре Лиле ја избегнував.

Седнавме во кујната, една спроти друга на масата каде што појадувавме и каде што порано пиев кафе со неа и со другите пријателки, пред да умре Лиле. Ме гледаше, шмркаше и нервозно си ги корнеше кожинките од ноктите на прстите.

„Како си?“, ме праша.

„Добро."

„Си се поправила", ми рече.

Ништо не ѝ одговорив. Не ме интересираше дали сум дебела или слаба, и сметав дека тоа не е нејзина работа. Потоа почна да зборува за мајка ми; колку прекрасна жена била, колку тешка судбина имала. Кажа и нешто глупаво обидувајќи се да ме утеши и разнежни, нешто во врска со тоа дека мајка ми сепак родила две деца со кои можела да се гордее.

„Какво гордеење, Кристина", не издржав. „Ја оставив да лежи болна и две години не одев да ја гледам. Кога бев да ја видам со Лиле не ја ни разбудив. Умре без да ја види ќерка ми. Детето не си го крстив по неа."

„Таква ти беше ситуацијата", ми рече. „Сигурно те разбираше. И татко ти беше тежок човек."

Си помолчевме. Одеднаш ме фати за рака и ми ја стисна и, не знам зошто и како, ама наеднаш се расплакав. И таа почна да плаче.

„Мора да му кажеш на Јован", ми рече.

„Што да му кажам на Јован?"

„Па, знаеш", ми рече.

„Поглупаво нешто не сум слушнала", ѝ реков. „Зошто да му кажам таква работа? Сакаш и јас да умрам?"

„Ќе умреш од што ќе те тишти. Тајните знаат да те изедат однатре", ми рече и одново се расплака. „Имам кошмари секоја ноќ. Мислам дека ако не му кажеш, нешто лошо ќе се случи".

„Што полошо може да се случи? Доста зборуваш глупости."

„Не е фер и спрема него. Не го гледаш како се промени. Само трчка околу тебе. Како да мисли дека тој е крив."

„Па тој и *е* крив", ѝ реков на Кристина.

Кога си легнавме да спиеме со Јован вечерта, уште пред да заспие го слушнав како плаче од неговиот кревет. „Што е сега?", го прашав.

„Извини", ми рече.

„За што?", го прашав.

„За мајка ти."

Молчевме.

„Ми беше страв од нејзината болест. Мислев дека и тебе или на Лиле ќе ви се случи нешто ако одиш кај неа. Ми беше гадна и страшна и куќата и селото и сè. Сакав да те извадам од тоа."

Продолжив да молчам. Тој се обидуваше да си го смири гласот.

„Ама Лиле ете си отиде поради мене. Од мојата фамилија дојде нејзината болест. Јас сум крив", рече и заплака.

*Ти си крив*, сакав да му кажам. *Ти си крив и никој друг. Ти си крив, крив, крив, крив*, си велев во себе, а на глас му реков да престане да зборува глупости и да ме остави да спијам и да не ми прави дополнителни драми оти *мојата* мајка умрела.

Вечерта сонував дека со Кристина седиме и мешаме ајвар кај нас пред зграда. Ајварот беше густ и неприродно црвен. Се смеевме и си разговаравме како порано. Ми беше многу убаво со Кристина и осетив голема леснотија. Ама наеднаш целата населба занеми. Нè обви голема глувотија. И ние замолчевме и продолживме полека да го мешаме ајварот. Рацете и ноктите ни беа црвени од лупењето на пиперките. Почна да ми станува сè потешко и потешко да мешам со лажицата. Погледнав во Кристина. Очите ѝ беа црвени и подуени. *Ќе кажам*, рече.

*Ќе кажам,* повтори. *Нема да кажеш*, ѝ реков, и некако знаев дека зборовите ми се волшебни и дека ќе прави така како што во тој миг ќе ѝ речам. Тогаш наеднаш лажицата ми се заглави во котлето. Погледнав внатре. Ајварот беше жар-црвен и мазен како вода. Лажицата беше заплеткана во нешто. Едвај успеав да ја кренам. На врвот имаше црни натопени кадрици. Ја вратив лажицата во котлето и од устата си извадив црно влакно. Само што го извадив, осетив дека имам уште едно, и извлеков цела кадрица коса од устата. Ја погледнав Кристина загрижено, ама наместо Кристина спроти мене ја видов мајка ми како ги носи обетките на Лиле. Го мешаше ајварот и ми се смееше, а од устата ѝ излегуваше кисел мирис, мирис на распаѓање. Ги отворив очите и го видов Јован пред мене. Устата му мирисаше на мајка ми и ме тресеше за да се разбудам.